1740

Резвичи

тел. бр. 086 62 278

Црна Гора

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ ОД НОВ РЕСЕН

Бр.08-16/1

3.2.1989 год.

Ресен

ДРАГИ ДРУГАР ТЕМПО,

Општинскиот одбор на Сојузот на здруженијата на борците од НОВ Ресен, неодамна покрена иницијатива пишување на монографија за Наум Веслиевски - Овчарот, за чие име и дело, веруваме дека со восхит се сеќавате, како на човек, другар, првоборец и командант на партизански и воени единици.

Поаѓајки од сознанието, дека е огромен неговиот допринос во славната Народноослободителна војна, неговата борбеност, оличение на храброст, а пред се умешност во командувањето и војувањето, најчесто без порази за неговите единици, сметаме дека заслужно ја стекна славата, а уште повеќе и нашата неизмерна благодарност.

Тие се покрај другото и причините што најповеќе не поттикнаа да се чврсто определиме за издавање на соодветна публикација, која требаше да ја издадеме многу порано. Покрај постојните монументални спомен-обележја за овој великан во нашата Преспе, и со монографијата за него, сакаме достоинствено како генерација и современици и на овој начин да му се оддолжиме, за кое се надеваме ќе се изнајдат сили и ќе се добие неопходната поддршка и помош од сите негови соборци, старешини и слично.

Познато ни е дека ова ќе биде макотрпна, напорна но во исто време и благородна работа, пред се во прибирањето на податоците, сеќавањата, мемоарите и друго што очекуваме да ги обезбедиме по пат на најшироки контакти и обраќања до сите оние кои сметаме дека несебично ќе се одзват на нашиот повик.

Меѓу неколкуте врвни личности кои имаше блиски контакти во текот на НОВ, заеднички акции и активности и оние кои навистина имаат што да кажат ( напишат ) за оваа личност, сте и Вие Другар Темопо, кого Преспа верувајте го смета свој човек, еден од

организаторите на Востанието во Македонија. Добар дел од времето поминати на организаторска револуционерна дејност во Западна Македонија, бевте во подолг период во контакт со Овчарот и стапувавте со вашите единици во борбени содејства.

Покрај другото, ние сметаме дека Вашата личност на Овчарот му служела како пример врз која што Овчарот успеа да се развие од борец до нашироко познат командант на крупни воени единици.

Соработувајки Вие двајцата во тој револуционерен период сметаме дека токму Вие сте личноста што може најавтентично да го прикажете ликот на Овчарот, преку опишување на настани и акции во кои и двата сте учествувале, а таквите моменти најверојатно се многубројни.

Од овие причини си дозволивме да се обратиме до Вас и да Ве замолиме, доколку времето и здравјето Ви дозволува да дадете свој прилог во пишувањето на монографијата за Овчарот, на начин што Вие сами ќе го изберете.

На крај, цениме дека ова за Вас претставува одреден физички напор, но со оглед на Вашиот удел во формирањето на личноста на Овчарот, како и воопшто во историјата на НОВ во свој дел на Македонија, сметаме дека ќе искажете спремност и ќе издвоите дел од Вашето ценето време да дадете прилог во оваа смисла.

Се надеваме дека Вашата соработка уште повеќе ќе ја задолжи нашата Преспа да го цени Вашиот лик и допринос, а Вас воедно ќе Ве потсети на многу згоди и незгоди, на моменти што никогаш не можат да се заборават, кога со Овчарот заедно сте го делеле доброто и злото, односно и сте учествувале во создавањето на нашата историја. Во оваа прилика да Ве потсетиме само на преминот на Брегалница, Борбата на Црноок и многу други настани кои заслужуваат да бидат опишани во нашата историографија, а со кои сметаме дека ќе се осветли ликот на Овчарот како борец и командант.

Користиме прилика срдечно да Ве поздравиме и Ви посакаме добро здравје.

ОПШТИНСКИ ОДБОР НА СЗБ НОВ РЕСЕН

Претседател,

Т.ф. 096 42572

Боре Јоновски